Совет на Општина Делчево
Број 09-313/2
26.02.20201година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 50.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 26.02.2021 година (петок), во Мултифункционалниот центар со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 15 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Дејан Георгиевски
3. Јулија Крстевска
4. Влатко Величковски
5. Кирил Тренчевски
6. Ванчо Велиновски
7. Славица Димитрова
8. Катица Трајкова Тасева
9. Сашко Јовановски
10. Кристи Стојковски
11. Вице Стоиловски
12. Дијана Јосифовски
13. Билјана Ѓеоргиевска
14. Николчо Ситновски
15. Сашко Ивановски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево кој на почетокот истакна дека непосредно пред самата седница добил известување од директорот на ЈКП „Брегалница“ за повелкување на точката-Измени на Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“ за 2021 година. Според тоа, за 50.седница на Советот тој го предложи го предложи следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записник од 49.седница на Советот

1.Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 со Заклучок за усвојување;

2. Предлог-Одлука за проширување на средства на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година;

Образлагач: Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет.

3.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект фарма бр.1 по барање на Киро Атанасов;

4. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект фарма бр.2 по барање на Киро Атанасов;

5. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа бр.1 по барање на Ванчо Манов;

6. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа бр.1 по барање на Стојне Гоцевски;

7.Предлог-Одлука за формирање на Партиципативно тело на Општина Делчево;

8. Деловник за работа на Партиципативното тело на Општина Делчево;

**Образлагач:** По точките 3,4, 5, 6, 7 и 8-Горан Петровски-Советник за енергетска ефикасност.

9. Полугодишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево во учебната за 2020/2021 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Маријана Стоименовска-ВД Директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево.

10. Полугодишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево во учебната за 2020/2021 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево.

11. Извештај за реализацијата на Програмата за јавна чистота за 2020 година со Заклучок за усвојување;

12. Предлог-Програма за јавна чистота за 2021 година;

13. Извештај за реализација на Програмата за управување со отпад за 2020 година со Заклучок за усвојување;

14. Предлог- Програмата за управување со отпад за 2021 година;

**Образлагач**: По точките 11,12,13 и 14- Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на ЖС и комунална инфраструктура.

15. Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на закупнина и отпис на побарување;

16.Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Делчево за 2021 година;

**Образлагач**: По точките 15 и 16-Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања.

17.Предлог-Одлука за парична помош по барање на Црвен Крст на РСМ- Општинска Организација Делчево;

**Образлагач:** Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој предложи дневниот ред да се дополни со уште 1 точка-Одлука за утврдување на финансиска помош на лица со посебни потреби. Својот предлог тој го објасни со тоа што истакна дека лицата со посебни потреби имаат потреба од контролни здравствени прегледи надвор од градот за што им се потребни финансиски средства и рече дека предлогот е по барање на семејства во кои има лица со посебни потреби.

Претседателот рече дека предлогот е во ред, но за да биде ставен на дневен ред треба да има изготвен предлог-текст на Одлука со конкретна сума. Може истиот предлог да се достави до надлежните служби и во консултација со градоначалникот и Одделението за финансии да се изготви текс на одлуката.

Кирил Тренчевски рече дека на една од претходните седници од страна на Сузана Петровска било истакнато дека Општината во 2020 година помагала на разни начини на лицата со посебни потреби, доделувајчи им хуманитарни и прехранбени пакети.

Шабан Багашов-Раководител на Секторот за финансиски прашања рече дека за доделување на парична помош Советот има донесено посебен Правилник во кој се утврдени условите и критериумите под кои се доделува паричната помош. Затоа, секој кој сака да добие парична помош прво треба да достави барање со соодветна документација, кое барање се разгледува од Комисија и се доделува парична помош.

Претседателот на Советот истакна дека доколку барањето за дополнување на дневниот ред е до Советот мора да се достави во писмена форма согласно статутарните и деловничките одредби кои се однесуваат на предлог-одлука за седница на Совет.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“ Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 49.седница на Советот.

**Прва точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 со Заклучок за усвојување;**

Образложение по оваа точка поднесе раководителот на Секторот за финансии и буџет, Шабан Багашов, извршувањето на приходите во Буџетот на Општина Делчево за четвртиот квартал од 2020 година, изнесува 87,5%, односно од вкупно планираните 302,113,900 ден. приходи за четвртот квартал се реализирани 265,429,977 денари. Од нив, во Основниот буџет, од планирани 78.677.000 денари се реализирани 72.073.000 ден. или 91,60%. Во Буџетот на дотации од планирани 173,505,900 денри приходи реализирани се 160,025,395 или 92%, во Буџетот на донации од планирани 6,927,000 реализирани се 5,767,188 ден. или 83,4% и во Буџетот на самофинансирачки активности од планирани 16,367,000 реализирани се 6,475,074 денари, или 33,4 %. Анализата на Основниот буџет покажува дека даночните приходи се наплатени во износ од 35,152,002 ден. од вкупно планирани 34,342,000 ден. или 102%, најголема наплата е наплатата од даноци на имот и тоа во износ од 13461,324, од даноци од специфични услуги во износ од 18,224,493. Неданочните приходи се наплатени во износ од 1,730,963 ден. од вкупно планирани 2,035,000 ден. (85 %) и тоа се приходи од административни такси и надоместоци.Капиталните приходи се наплатени во износ од 4,472,287 ден. од вкупно планирани 4,105,000 ден. или 108 %. Трансферите од донации се реализирани во износ од 198.019.936 денари од вкупно планираните 223.627.900 или 88,5 % и тука спаѓаат средствата добиени по основ на дотации на општината од приходи од ДДВ.Вкупните расходи се планирани во износ од 302,113,900 ден. Од нив се реализирани 263.140,000 ден. или 87 %. Расходите во Основниот буџет од вкупно планирани расходи во висина 78.677.000 ден. се

реализирани 72,073,000 ден.или 91,6%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 27.360.359. од планираните 31.065.000 и најголем дел од нив се исплатени за реконструкција на улици и патишта, изградба на капела, за изготвување проекти за изградба или реконструкција на улици и патишта и надомест за одземен имот.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Билјана Ѓеорѓиевска која праша дали може детално да се образложи за што се потрошени средствата на ставките 425 и 426.

Шабан Багашов рече дека сега не може да даде точен одговор бидејќи ги нема податоците, но на наредната седница на дневен ред ќе биде Завршната сметка и тогаш ќе биде објаснето. Исто така, може писмено да се побара одговори и истиот да се достави.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020.

Втора точка- Предлог-Одлука за проширување на средства на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година;

Образлагач и по оваа точка беше Шабан Багашов раководител на Секторот за финансиски прашања кој рече дека вишокот средства од гимназијата, библиотеката и училиштата кои не биле потрошени во 2020 година, се га се дел од одлуката за проширување која ја имаат добиено сите советници. Станува збор за вкупна сума од 16.261.800 денари, а во самата одлука имате подетално за кој буџетски корисник колку средства се предвидени и за која намена ќе бидат потрошени. Доколку имате прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“ Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за проширување на средства на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година.

Трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект фарма бр.1 по барање на Киро Атанасов;

По точката немаше образложение.

Претседателот отвори расправа и бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а

точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема истата беше донесена.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект фарма бр.2 по барање на Киро Атанасов**;

По точката немаше образложение.

Претседателот отвори расправа и бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема истата беше донесена.

**Петта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа бр.1 по барање на Ванчо Манов;**

По точката немаше образложение.

Претседателот отвори расправа и бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема истата беше донесена.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа бр.1 по барање на Стојне Гоцевски;**

И по оваа точка немаше образложение.

Претседателот отвори расправа и бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани нема истата беше донесена.

**Седма точка-Предлог-Одлука за формирање на Партиципативно тело на Општина Делчево;**

Точката ја образложи Горан Петровски-Советник за енергетска ефикасност кој рече дека согласно новиот закон за урбанистичко планирање и измените на Статутот на Општина Делчево се јави потреба од донесување на нова одлука за формирање на Партиципативно тело кое се формира заради обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност, како и обезбедување на поголема вклученост, учество и придонесување на граѓаните во процесот на урбанистичкото планирање. Партиципативното тело има најмалку 9 членови, а горна граница на бројот на членови не се утврдува, а членовите се наведени во членот 3. Партиципативното тело има право да присуствува и учествува во расправата на сите седници на Советот на Општина Делчево на кои се расправа за утврдување на нацрт на урбанистички планови, донесување на урбанистички план, донесување на Годишна програма за урбанистичко планирање на територијата на Општина Делчево и усвојување на Извештај за состојбите во просторот.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Дејан Георгиевски кој праша дали сите членови на Партиципативното тело се контактирани и дали ќе земат учество во работата на Партиципативното тело.

Г. Петровски рече дека имало објавено повик и сите членови сами се пријавиле.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на

гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на Партиципативно тело на Општина Делчево.

**Осма точка-Деловник за работа на Партиципативното тело на Општина Делчево**;

Образлагач и по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за енергетска ефикасност кој рече дека со овој Деловник се уредуваат начинот на работа и бројот на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Делчево .

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Деловникот за работа на Партиципативното тело на Општина Делчево.

**Деветта точка-Полугодишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево во учебната за 2020/2021 година со Заклучок за усвојување;**

Точката ја образложи Маријана Стоименовска-ВД Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево која рече дека оваа учебна година ООУ „В.Прке“ ја започнал со посебен план и протокол имајќи ја предвид пандемијата со коронавирусот. Учениците од прво до трето одделение одат со физичко присуство на настава, а другите следат настава онлајн. Вкупниот број на ученици е 524 од кои 501 во ЦОУ, а останататите во ПОУ-а. Десет ученици останале неотценети затоа што не ја следеле наставата.Оваа учебна година се запишани 43 првачиња. Во извештајот ви се дадени сите потребни податоци, ако има прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Ванчо Велиновски кој праша зошто тие 10 ученици кои се неотценети не ја следат наставата, коисе причините?

М.Стоименовска истакна дека разговарано е и со нив и со родителите, опоменувани се учениците, но нема резултати. Едноставно не се вклучуваат редовно на настава и тоа е. Не се проблем таблетите или интернетот, едноставно не се вклучуваат на настава. Дел се од ромска националност, дел се од македонска националност.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево во учебната за 2020/2021 година.

**Десетта точка-Полугодишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево во учебната за 2020/2021 година со Заклучок за усвојување**;

Образлагач по оваа точка беше Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево кој истакна дека извештајот ги содржи сите податоци за училиштетео:лична карта, општи податоци, структура, Мисија и Визија, наставен план, наставни програми, реализација на настава, оценување, воннаставни активности, број на ученици, број на изостаноци, успех и др. Бројот на учениците и бројот на изостаноците во однос на ланската година се намалени.Доколку ве интересира нешто посебно или имате прашања, повелете, рече директорот.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за уебната 2020/2021 година.

**Единаесетта точка-Извештај за реализацијата на Програмата за јавна чистота за 2020 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Татјана Стојковска Виш соработник за заштита на ЖС и комунална инфраструктура која рече дека во Извештајот се наведени видот и обемот на работите, динамика, временски рокови и начин на извршување на истите и финансиски средства потребни за извршување на истите.Во Планираниот период се вршени следните Метење на улици, Миење на улици и Чистење снег и мраз во зимски услови според програмата беше предвидено на површина од околу 13 900м2.Чистењето на снег и мраз е реализирано според Програмата и постапено по потреба односно најинтензивно е чистено во месец јануари и дел од февруари.Во изминатата 2020 год. врз основа на извршени дејности и услуги соберени се и фактурирани вкупно 1.857.120ден. или 81% од предвидената наплата и тоа од физички лица 1.499.520ден. и правни лица 357.600ден.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализацијата на Програмата за јавна чистота за 2020 година.

**Дванаесетта точка- Предлог-Програма за јавна чистота за 2021 година;**

И оваа точка ја образложи Т. Стојковска која рече дека оваа Програма е речиси иста како ланската, само што се додава локацијата пред Жито маркет во ЦГП. Со Програмата се предвидени работи за одржување на јавната чистота од следните јавни површини: улици, тротоари, плоштади, кејови, мостови, паркинг простори, пазаришен простор, пешачки патеки, парковски површини и градско зеленило и други уредени отворени простори.
Во одржувањето на јавната чистота ќе се извршуваат следните работи:
Метење на улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, пазаришен простор и други јавни површини,Миење на улиците и јавните површини, Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосферски наноси и Чистење на снегот и мразот во зимски услови од тротоарите и јавните паркинг простори.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за јавна чистота за 2021 година.

**Тринаесетта точка- Извештај за реализација на Програмата за управување со отпад за 2020 година со Заклучок за усвојување;**

**Четиринаесетта точка- Предлог- Програмата за управување со отпад за 2021 година;**

Во врска со оваа точка Татјана Стојковска рече дека Програмата за управување со отпадот е дел од Планот за управување со отпадот за Општина Делчево за период од 2019-2023 година, а кој е во согласност со Националниот план за управување со отпадот на Р. Македонија. Опфатени се неколку области кои разработуваат одреден број на задачи. Во областа Опис и отцена на постоечката состојба во управувањето со отпад во ЕЛС-Делчево,Задача1: Евидентирање на типови

и количини на отпад кои се создаваат во Општината и нивно соодветно управување, ЈПКД,,Брегалница,, континуирано, по Оперативен неделен план за собирање на комунален и индустрански отпад го собира отпадот од домакинствата и правните лица при што врши евидентирање и приближна процена на комуналниот отпад кој се собира во општината. Во текот на 2020година соберени се вкупно 7 200тони отпад (комунален) и околу 90тони инертен отпад. Комуналниот се транспотрира и депонира на депонија ,,Острец,, додека градежен шут се отстранува на депонија,,Ралева чука,,

Од горе наведеното може да се каже дека поставената задача се извршува тековно односно тековно се реализира.Задача 2: Порамнување на отпадот на депонија ,,Острец,, и посипување со слој од земја со цел да се спречи самозапалувањето, а потоа ќе се пристапи кон депонирање по ред, таа истакна дека со оглед на тоа што постои опасност од самозапалување на отпадот и со цел да се спречи истото ЈПКД,,Брегалница,, превзема активности во смисла порамнување на отпадот, негово набивање и посипување со песок најмалку еднаш годишно. Изминатата 2020година извршено е три пати порамнување и набивање на отпадот.Од горе наведеното може да се каже дека поставената задача се извршува тековно односно тековно се реализира.

За Задача 3: Доградување на неоградените места на дел од депонија ,,Острец,, и воведување на чуварска служба, таа рече дека Општинската депонија со оглед на незавидната ситуација во која се наоѓа е во фаза на доградување односно секоја година во зависност од можностите ЈПКД,,Брегалница,, доградува одредена должина. Со оглед на тоа дека постојат критични места каде има искинати делови од мрежата од каде е овозможено влегување на луѓе и животни со анализа за одредување на критични места се лоцирани локациите за доградувањемеѓутоа во минатата година не е вршена таква активност.

Активноста за воведување на чуварска служба сеуште не е реализирана.

Втората задача не е реализирана и постапката ке продолжи и ќе биде ставена во Програмата за 2021год.

Во Програмата за управување со отпад за 2020год.е планиран регионален пристап на управување со отпад.

Општина Делчево е вклучена во регионалното решавање на управувањето со отпад преку следење на насоките на дејствување во реализација на проектите се до затворање на оперативните депонии. Службените лица од ЕЛС преку обуки и работилници активно се вклучени во следење на препораките кои се добиваат за вклучување на општината во регионално управување со отпад.

Од погоре наведеното се гледа дека тековно со вклучување на општината во активностите кои ги предвидува Просторниот план за регионалното управување со отпад општината зема активно учество.Со теренска обиколка на службените лица од одделение за инспекциски надзор во соработка со ЈПКД,,Брегалница,, евидентирани се неколку диви депонии:

-Попов мост, на ул.,,Индустриска,, под мостот на река Брегалница, депонија за градежен шут –Ралева чука (пат кон с.Киселица), Очипалска река и Црквенска река (од лева страна во патниот правец Делчево – Кочани),пат кон Голак, Умин дол- локација меѓу с.Стамер и с.Град, Стубело кај С.Стамер, во близина на сала кај градскиот базен, покрај патот накај депонија ,,Острец,, и др.

Петтата активност тековно и по потреба се реализира.

За расчистување на диви депонии и рехабилитација на истите, таа рече дека о евидентирање на дивите депонии и потребата која се појавува согласно законската регулатива чистени се сите горенаведени депонии од страна на ЈПКД,,Брегалница,, .

Согласно Програмата за управување со отпад донесен од Советот на Општина Делчево и Програмата за работа на ЈПКД,,Брегалница,, два пати месечно е собиран растителниот отпад од дворните места на домакинствата во месец октомври, ноември и декември и по барање на корисниците.

Во изминатата 2020 година од локациите кои се определени за собирање на габаритен отпад од домакинствата нема ЈПКД,,Брегалница,, нема постапувано ниту еднаш, односно нема доставено ниту едно барање за подигање на габаритен отпад.

Собирање и селектирање на отпадот од хартија и ПЕТ амбалажа ЈПКД ,,Брегалница,, не вршеше во претходната 2020година поради непостоење на услови за истата.

Селектирање на ПЕТ амбалажа и хартија се врши само од индивидуалните собирачи.

Задачата за селекција се остварува делумно.

Општина Делчево во соработка со ЈПКД,,Брегалница,, има извршено поправка од различен вид на 4 до 5 стари садови за отпад и тековно се поправаат контејнери кои се поставени пред објекти за колективно живеење.

Општината има набавено и поставено 30 корпи за отпад. Истите се поставени на повеке локации, најмногу по улица Кеј на Ослободување (парк во Ново Делчево, кај детското игралиште во Ново Делчево, парк пред црквата Св.,,Кирил и Методи,, ...

Набавени се 30 нови контејнери поставени пред објектите за колективно живеење во Делчево, а старите се пренесени во с.Разловци, Град и с.Габрово.

За областа Управување со опасен отпад беше истакнато декаОпштината нема склучено договор со фирма која превзема отпад од стакло, но во тек е постапка за реализирање на активноста.Отпадните гуми и масла се отпад кој се во поголеми количини собира и акумулира во приватните автомеханичарски работилници. По предходно задолжување истите имаат склучено Договор (или истиот се обновува доколку е со измината важност ) за земање на искористени масла од фирма ,,Минол,, Штип.

Превземање на искористени гуми од возилата врши фирма ,,Боним,, од Скопје.

Во едукација на населението се учествува секојдневно и на разни начини. Со оглед на моменталната ситуација нема во општината одржувано во изминатата2020год. некои позначајни активности освен преку;

- повикот преку јавни гласила,
- прилагодување на наставната програма во училиштата и
- добрата соработка помеѓу комуналните служби и граѓаните

По четвртата област по првата задача е постапено и истата тековно се реализира.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за управување со отпад за 2021 година.

Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на закупнина и отпис на побарување;

Точката ја образложи Шабан Багашов кој истакна дека со оваа одлука се ослободуваат од плаќање на закупнина физичките лица кои имаат склучено Договор за закуп со Општина Делчево за објектот “Воено купатило“ и тоа закупецот Зекиров Сејдо со адреса на ул.Иво Лола Рибар бр 2, Делчево како корисник на стан-соба број 1 согласно Договор за закуп бр.10-927/2 од 08.04.2011 година и закупецот Ферди Ибраимов со адреса на Булевар Македонија бб, Делчево како корисник на просторија број 4 согласно Договор за закуп бр.08-185/3 од 01.02.2013 година.

Се врши отпис на побарување во вкупен износ 58.917,оо денари спрема закупецот Зекиров Сејдо со адреса на ул.Иво Лола Рибар бр. 2 – Делчево кое е по основ на Договор за закуп бр.10-927/2 од 08.04.2011 година, заклучно до 28.02.2021 година и 44.000,оо денари спрема закупецот Ферди Ибраимов, со адреса на Булевар Македонија бб-Делчево кое е по основ на Договор за закуп бр.08-185/3 од 01.02.2013 година, заклучно до 28.02.2021 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали другите закупци во тој објект плаќаат кирија?

Ш. Багашов рече дека никој друг не плаќа, освен овие двајца спомнати во одлуката и од тие причини се предлага оваа одлука.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката. за ослободување од плаќање на закупнина  и отпис на побарување.

Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Делчево за 2021 година;

Образлагач и по оваа точка беше Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања кој рече дека со оваа одлука се резервираат средства за експропријација во Буџетот на Општина Делчево за 2021 година во износ од 2.000.000 денари, ставка 485, потставка 485420-Програма ЈД. Средствата ги има предвидено во Буџетот, но кога Општината прави експропријација, од УЈП-Имотно-правни односи, бараат посебна одлука.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Делчево за 2021 година.

Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за парична помош по барање на Црвен Крст на РСМ-Општинска Организација Делчево;

Образлагач беше Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој реч дека се одобрува парична помош по барање на Црвен Крст на РСМ- Општинската Организација  Делчево во износ од 30.000денари**.**Средствата ќе бидат наменети за наабавка на нов инвентар потребен за вршење на обука за прва помош за работни организации и возачи на територијата на општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за парична помош по барање на Црвен Крст на РСМ- Општинска Организација Делчево;

Со исцрпувањето на Дневниот ред, 50.седница на Советот заврши со работа во 15:20 часот.

Записникот го водела,

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Драган Маневски